ЕЛИМИНАЦИЈА НА МАЧЕЊЕТО
И НЕЧОВЕЧКОТО ПОСТАПУВАЊЕ
ВО ЗАТВОРИТЕ И УСТАНОВИТЕ
ЗА ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## МАРТ – ЈУНИ 2021

СКОПЈЕ, ЈУНИ 2021

ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ
ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МАРТ- ЈУНИ 2021

Издавач: Хелсиншки комитет за човекови права,
претставувано од Проф д-р Неда Здравева

Уредничка: проф. д-р Гордана Лажетиќ

Автори: Ина Џугуманова, Ирена Здравкова, Арбен Гудачи

Лектор: Роберт Раман

Графички дизајн и печатење: Масива Дооел Скопје

Место: Скопје

Година на изданието: 2021

Тираж: 100 примероци

---

CIP- Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

351.74.075.5(497.7)"2021"(047)

ЏУГУМАНОВА, Ина
Извештај за состојбата и условите во полициските станици во Република Северна Македонија : март- јуни 2021 / [автори Ина Џугуманова, Ирена Здравкова, Арбен Гудачи].- Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права, 2021.- 43 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4790-96-9

1. Здравкова, Ирена [автор] 2. Гудачи, Арбен [автор]
а) Полициски станици-- Состојба и услови-- Македонија-- 2021-- Извештаи

COBISS.MK-ID 54902533

---

Проектот е финансиран од Европската Унија.

Македонско здружение на млади правници

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МЗМП и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


**КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ** ....................................................................4

**ВОВЕД** ....................................................................................5

**МЕТОДОЛОШКА РАМКА** ..................................................................7

**КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ**............................................................8

**ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ** ...............................................................9

**ПС ЦЕНТАР (БЕКО)** .......................................................................10

**ПС БИТОЛА** ...............................................................................13

**ПС ВЕЛЕС** ..................................................................................18

**ПС КУМАНОВО** ............................................................................22

**ПС ТЕТОВО** ................................................................................25

**ПС ШТИП** ...................................................................................28

**ПС КИСЕЛА ВОДА** ........................................................................31

**ПС СТРУМИЦА** ............................................................................34

**ПС ОХРИД** ..................................................................................36

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПОСЕТЕНИТЕ ПОЛИЦИСКИ СТАНИЦИ** .......................................42

# КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

**АКРСМ** – Адвокатска комора на Република Северна Македонија

**КПТ** – Комитет за превенција од тортура на Советот на Европа

**ПС** – Полициска станица

**ЦСР** – Центар за социјални работи

# ВОВЕД

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот „Елиминација на мачењето и нечовечкото постапување во затворите и установите за лишување од слобода“, финансиски поддржан од Европската Унија. За целите на проектот е склучен Меморандум за соработка помеѓу Македонското здружение на млади правници, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Министерството за внатрешни работи.

Целта на овој проект е да ги адресира системските проблеми во обезбедувањето заштита на лицата лишени од слобода од секаков вид тортура, нечовечко постапување и казнување, да ги идентификува клучните предизвици за воспоставување на ефикасен механизам за заштита на човековите права на лицата лишени од слобода и да ги приоретизира мерките потребни за воспоставување на таков механизам.

Извештајот се базира на терenski посети извршени од страна на претставничка на Хелсиншкиот комитет за човекови права – Ина Џугуманова, претставници од Македонското здружение на млади правници – Ирена Здравкова и Арбен Гудачи како и од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи – Татјана Калајџиска, Билјана Коцева и Цветанка Цурева.

Потребата од спроведување теренски посети со цел утврдување на фактичката состојба во полициските станици произлегува од постојаните критики кои ги упатуваат невладините организации, Народниот правобранител, но и Европскиот Комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување (КПТ) во поглед на материјалните услови во полициските станици, примената на прекумерна физичка сила врз лицата лишени од слобода, како и во поглед на заштитата на нивните фундаментални права. Имено, КПТ во својот последен извештај[1] за петтата периодична посета на нашата

[1] https://www.coe.int/en/web/cpt/-/council-of-europe-anti-torture-committee-publishes-report-on-its-2019-visit-to-north-macedonia

држава, која беше спроведена во период од 2 до 12 декември 2019, нотира дека иако постои напредок во поглед на материјалните услови во полициските станици поради реконструкција на голем дел од нив, сепак, во дел условите се сè уште под стандардите, а особено поради недостиг од светлина и греење во просториите за задржување. Покрај податоци за материјалните услови, КПТ во својот извештај забележува пораст на физичкото малтретирање врз лицата лишени од слобода, но и повреда на правото за информирање трето лице при лишување од слобода, како и правото на пристап до адвокат.

При спроведување на теренските посети, адвокатите ангажирани од страна на МЗМП немаа прилика да разговараат со задржано лице од причина што во голем дел од полициските станици не беше затекнато задржано лице. Оттука, претставниците не беа во можност да нотираат евентуална употреба на прекумерна физичка сила врз задржано лице или, пак, повреда на некои од правата во случај на лишување од слобода. Сепак, со цел да упатиме на важноста на процедуралните права за лицата лишени од слобода, овој извештај ќе содржи и краток осврт на пристапот до адвокат како механизам за заштита од мачење и нехуман третман.

Извештајот содржи резиме од остварениот теренски мониторинг, фокусирајќи се на напредокот и главните предизвици документирани за време на посетите. Извештајот воедно содржи и препораки за секоја полициска станица, како и генерални препораки за надлежните институции во насока на подобрување на состојбите и условите во полициските станици.

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Целта на извештајот е да даде детален опис на состојбите и условите во полициските станици во Македонија. Извештајот се базира на теренски посети во деветте полициски станици на ниво на осумте Сектори за внатрешни работи и тоа во: ПС Центар, ПС Велес, ПС Куманово, ПС Тетово, ПС Штип, ПС Кисела Вода, ПС Струмица и ПС Охрид. Целта на теренските посети е документирање на материјалните услови во полициските станици во просториите за задржување лица, просториите за разговор со лица лишени од слобода, административните простории, тоалетите и слично, а со цел заштита на лицата лишени од слобода од тортура и нехуман третман за времетраење на нивниот престој во полициска станица.

Посетите се спроведени во период од март до јуни 2021 година, по претходно одобрен план за посети од страна на Министерството за внатрешни работи.

Претставниците на Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници за време на посетите се водеа по воспоставените меѓународни и национални стандарди и индикатори за човековите права на лицата лишени од слобода: Стандардите на Европскиот комитет за превенција на тортура (КПТ), Законот за полиција, Законот за внатрешни работи и важечките подзаконски акти во оваа област.

Теренските посети во полициските станици се спроведуваат врз основа на претходно утврдена методологија што се фокусира на: материјалните услови во просториите за задржување и просториите за разговор, располагање со материјално-технички средства, бројот на вработени лица, соработката на полициската станица со други институции (ЦСР, ЈЗУ и сл.), случаи на примена на прекумерна физичка сила, број на лица лишени од слобода и задржани, број на задржани лица кои побарале бранител и медицинска помош итн.

Мониторинг тимот е составен од правници, а на некои од посетите во тимот беа вклучени и адвокати кои се ангажирани од страна на МЗМП,

со цел разговор со евентуално задржано лице и обезбедување директна правна помош во случај на претрпена тортура и нехумано постапување за времетраењето на задржувањето.

При спроведувањето на посетите се користеа и апарати за мерење влага, светлина и температура, со цел правилно утврдување на фактичката состојба во просториите за задржување на лицата.

За наодите од сите посети се изготвуваат интерни извештаи што се доставуваат до Министерството за внатрешни работи, кое има можност да достави свои коментари и забелешки по наводите и препораките за секоја поединечна посета. Во најмалку три полициски станици каде се забележани најголем број недостатоци и пропусти, планирани се последователни посети од страна на мониторинг тимот.

| КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ | | |
|---|---|---|
| ПС Центар | – | 18.03.2021 |
| ПС Битола | – | 01.04.2021 |
| ПС Велес | – | 09.04.2021 |
| ПС Куманово | – | 16.04.2021 |
| ПС Тетово | – | 23.04.2021 |
| ПС Штип | – | 20.05.2021 |
| ПС Кисела Вода | – | 27.05.2021 |
| ПС Струмица | – | 02.06.2021 |
| ПС Охрид | – | 11.06.2021 |

# ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ
# КАДРОВСКА СОСТОЈБА

- Кадровско доекипирање согласно актите за систематизација;
- Подобрување на родовата застапеност.

# ОПШТИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ

- Реконструкција на просториите за задржување и просториите за разговор со задржани лица, со цел исполнување на меѓународните стандарди за заштита на правата на лицата лишени од слобода;
- Изградба на нови објекти за полициските станици кои се сместени во стари згради што не ги задоволуваат стандардите;
- Обезбедување доволен број службени возила во сите полициски станици;
- Приспособување посебни простории за разговор со деца согласно Законот за правда на децата;
- Воспоставување функционален видео и аудио надзор во просториите за задржување и просториите за разговор со задржани лица. Неопходноста од ваков функционален систем значително ќе придонесе во истрагите за случаи на употреба на прекумерна физичка сила, како и во случаи на самоповредување на задржаните лица;
- Истакнување на правата на лицата лишени од слобода на место достапно за лицата, со цел нивно запознавање и почесто користење определени законски пропишани права;
- Воспоставување соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и АКРСМ, со цел непречен пристап до правото на бранител на сите лица лишени од слобода;
- Обезбедување на пристап на лицата со физичка попреченост до просториите за задржување и просториите за разговор.

# ПС ЦЕНТАР (БЕКО)

На 18.03.2021 година мониторинг тимот спроведе редовна посета на ПС Центар.

## Општи податоци

Посетата на ПС Центар се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со командирот и сменоводителот на ПС.

При разговор со командирот и сменоводителот, добивме информација дека вкупниот број на вработени лица во ПС е само 50 % од вкупниот број на лица кои би требало да бидат вработени според пропишаната кадровска состојба со актот за систематизација. Во однос на родовата застапеност, од вкупниот број на вработени лица, само 20 вработени се жени кои вршат полициски овластувања на терен.

Вработените во ПС информираа дека поради големата фреквентност во станицата, често имаат приведени лица како сторители на различни прекршоци и кривични дела. Така, во период од 15.02.2021 година заклучно со 15.03.2021 година во ПС Центар 31 лице на возраст 16-57 години било лишено од слобода. Од нив, 13 лица или 42 % од лишените од слобода биле задржани и тоа во времетраење од 1 час и 45 минути до 21 час. Против две лица било применето средство за присилба, а само девет лица или 29 % го искористиле правото на бранител. Ниту едно лице не искористило право на медицинска помош и ниту едно лице не поднело поплака поради несовесно, непрофесионално и незаконито постапување на полициските службеници.

Како значаен проблем, командирот го истакна пристапот до правна помош, односно правото на бранител кој го имаат задржаните лица. Имено, честопати бранителите кои се по службена должност не одговараат на повиците од страна на задржаните лица, а исто така беше истакнато и дека ПС Центар нема ажурирана листа на дежурни адвокати кои може да бидат повикани, за што тие се обратиле и до АКРСМ.

Дополнително, бевме информирани дека задржаните лица често одбивале да искористат медицинска помош. За оние лица кои се задржани повеќе од шест часа во полициска станица, командирот информираше дека се предвидени средства од буџетот за обезбедување соодветен оброк.

## Материјални услови

ПС Центар располага со само две административни канцеларии и со само една соба за разговор и една соба за задржување.

Особено загрижува што за лица со телесна попреченост нема соодветен пристап до собите за разговор и задржување.

Собата за разговор беше затекната во чиста и солидна состојба. Во собата има заварени маси и столови поради што не постои можност од (само)повредување на задржаното лице.

Аудио-видео систем е инсталиран во собата за задржување и е во функција.

Собата за задржување ги исполнуваше условите предвидени согласно КПТ стандардите во поглед на должина, ширина, висина, влага, дневна и вештачка светлина. Собата беше чиста. Во собата имаше еден кревет со перница и ќебе и чиста постелнина, за која сменоводителот нè информираше дека самите вработени ја перат во своите домови. Во собата имаше подно греење и беше забележано дека е регистриран функционален систем за повикување (ѕвонче) во случај на некаква потреба на задржаното лице.

Просторија за разговор со деца воопшто нема во полициската станица, иако понекогаш се повикуваат деца на информативен разговор. Командирот на полициската станица нè информираше дека во такви случаи разговорот се спроведува во посебна просторија, а не во онаа која е наменета за разговор. Немавме можност за увид во таа посебна просторија.

Тоалетот за задржаните лица беше исто така затекнат со соодветно ниво на хигиена. Во тоалетот имаше веце школка, мијалник и туш за кој беше забележано дека не се употребува. Во тоалетот немаше никакви предмети кои би можеле да се употребат за (само)повредување како огледала, скршени предмети, стакло и слично.

Поради недостигот од простории за разговор и распит, вработените лица се соочуваат со сериозни проблеми и неорганизираност. Тие истакнаа дека таквиот тек на работењето им создава голем проблем во секојдневното работење од причина што немаат каде да ги примат странките/приведените лица доколку се повеќе од двајца. Тоа особено влијае и врз довербата на граѓаните во одлучувањето да пријават некаков настан во полициската станица од причина што се принудени да чекаат и по неколку часа во полициската станица. Покрај недостигот од простории и административни канцеларии, полициската станица се соочува и со недостиг од службени возила. Така, станицата располага со само две интервентни возила, кои не се во исправна функција и честопати се сервисираат, а исто така се соочува и со недостиг од мотоцикли.

ПС Центар поради местоположбата е доста фреквентна станица, но недостигот од материјално-технички услови доведува до тоа приведените лица честопати да бидат пренесени во најблиската полициска станица, како што се: ПС Бит Пазар и ПС Кисела Вода.

За времетраење на посетата не беше затекнато задржано лице.



*Просторија за разговор*



*Просторија за задржување лица*

**Препораки:**

- Обезбедување повеќе простории за разговор и задржување лица лишени од слобода;
- Обезбедување функционални службени возила за интервенција;
- Обезбедување просторија за разговор со дете;
- Вработување доволен број полициски службеници согласно актот за систематизација.

# ПС БИТОЛА

На ден 02.04.2021 година мониторинг тимот спроведе редовна посета на ПС Битола.

## Општи податоци

Посетата се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со командирот и сменоводителот на полициската станица.

При разговор со командирот и сменоводителот, добивме информација дека вкупниот број вработени лица во полициската станица е 79 лица, а бројот на лица кои би требало да бидат вработени според актот на систематизација е 130, односно непополнети се 39 % од предвидените работни позиции. Од вкупниот број на вработени лица, само 10 се жени.

Во период од 01.03.2021 година заклучно со 01.04.2021 година во ПС Битола било лишено од слобода 21 лице на возраст од 22-68 години. Од нив четири лица биле задржани во времетраење од 5 до 9 часа. Против четири лица било применето средство за присилба. Ниту едно лице не го искористило правото на бранител. Две лица го искористиле правото на медицинска помош, а ниту едно лице не поднело поплака поради несовесно, непрофесионално и незаконито постапување на полициските службеници.

Како значаен проблем, командирот го истакна пристапот до правна помош, односно правото на бранител кој го имаат задржаните лица. Имено, честопати бранителите кои се по службена должност не одговараат на повиците од страна на задржаните лица.

За оние лица кои се задржани повеќе од шест часа во полициска станица, командирот информираше дека не располагаат со финансиски средства за да им обезбедат оброк, односно задржаните лица од свои средства си ги купуваат оброците.

## Материјални услови

ПС Битола располага со 12 административни канцеларии и со три соби за задржување лица. Лица со физичка попреченост имаат пристап до полициската станица, но немаат пристап до собите за задржување, бидејќи тие се наоѓаат во подрумот на полициската станица до каде не е овозможен пристап за лица со физичка попреченост.

Собите за задржување ги исполнуваа условите предвидени согласно КПТ стандардите во поглед на должина, ширина, висина, влага, дневна и вештачка светлина. Мониторинг тимот забележа дека во просториите за задржување нема греење, што во зимски услови придонесува задржаните лица да мора да престојуваат во ниски температури. Собите беа затекнати во прилично добри хигиенски услови. Тие беа опремени со по два кревета, а во две од трите соби имаше и по две маси и две столчиња кои беа добро прицврстени за подот за задржаните лица да не се (само)повредат. Креветите во собите беа опремени со душек, перница и ќебе кои беа затекнати нечисти. Беше забележано дека во собите има и регистриран функционален систем за повикување (ѕвонче) во случај на некаква потреба на задржаното лице, но во собите за задржување, ниту, пак, во другите простории не е активиран функционален видеонадзор.

На влезот од полициската станица, како и во делот кај собите за задржување, на видно место беа истакнати постери со правата на лицата лишени од слобода.

Тоалетот за задржаните лица беше затекнат во видно нечиста состојба. Тој беше опремен со чучавец и мијалник, а во тоалетот немаше никакви предмети кои би можеле да се искористат за (само)повредување, како огледала, скршени предмети, стакло и слично.

Забелешка на мониторинг тимот е дека има само еден тоалет за сите три соби за задржување. Стандардите на КПТ наложуваат во полициската станица да има тоалет за секоја соба за задржување, а доколку тоа е невозможно, задржаните лица да имаат непречен пристап до тоалетот без потреба да ги повикуваат службените лица, што не е случај во ПС Битола каде што има само еден тоалет, а при

потреба за користење, задржаните лица треба да ги повикаат службените лица. Дополнително, во тоалетот немаше врата поради што на ваков начин се повредува и приватноста на лицата лишени од слобода.

Полициската станица располага и со една просторија за разговор со деца. Командирот на полициската станица нè информираше дека многу често во случаи на лишување од слобода или повикување на информативен разговор на дете, полициската станица има проблем во соработката со ЦСР. Имено, службените лица нè информираа дека се случува ЦСР да не преземе мерки за згрижување на детето, па детето мора да преноќи во полициската станица.

Полициската станица се соочува и со недостиг од службени возила, односно ПС Битола располага со три интервентни возила, од кои само едно е функционално, а останатите две возила честопати се сервисираат. Воедно, полициската станица не располага со „цивилно“ возило поради што во случаи на потреба дете да биде лишено од слобода и спроведено во полициска станица, службените лица се приморани да го спроведат детето со полициско возило, што е спротивно на меѓународните стандарди за заштита на децата и на домашното законодавство.

Меѓу другото, службените лица од ПС Битола истакнаа дека немаат доволен број на униформи за сите службени лица и компјутери во секоја канцеларија, а како потешкотија во секојдневното работење ја истакнаа и пренатрупаноста со административна документација што им одзема голем дел од времето.

За времетраење на посетата не беше затекнато ниту едно задржано лице.





*Простории за задржување*





**Препораки:**

- Обезбедување функционални службени возила за интервенција;
- Подобрување на соработката помеѓу ПС Битола и ЈУ Меѓуопштински ЦСР Битола во случаи на задржување на малолетни лица;
- Вработување доволен број на полициски службеници со цел исполнување на предвидената квота согласно актот за систематизација;
- Обезбедување материјално-технички услови во полициската станица во поглед на службени униформи и компјутери за вработените;
- Подобрување на условите во тоалетот кај собите за задржување;
- Обезбедување греење во собите за задржување на лица;
- Обезбедување средства од буџетот за набавување на оброци на лицата кои се задржани во полициска станица повеќе од шест часа.

# ПС ВЕЛЕС

На ден 09.04.2021 година мониторинг тимот спроведе редовна посета на ПС Велес.

## Општи податоци

Посетата на полициска станица се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со командирот и сменоводителот на полициската станица.

При разговор со командирот и сменоводителот, добивме информација дека вкупниот број на вработени лица во полициската станица е 85 лица. Од вкупниот број вработени лица, само 11 од нив се жени.

Во период од 08.03.2021 година заклучно со 08.04.2021 година во ПС Велес било лишено од слобода 41 лице на возраст од 22-58 години. Од нив, 18 лица биле задржани во времетраење од 8 до 14 часа. Само во еден случај било применето средство за присилба, а пет лица го искористиле правото на бранител. Правото на медицинска помош го искористило едно лице, а ниту едно лице не поднело поплака поради несовесно, непрофесионално и незаконито постапување на полициските службеници.

Командирот истакна дека ПС има добра соработка со бранителите кои се на листата на адвокати по службена должност, но најчесто задржаните лица контактираат свои адвокати.

За оние лица кои се задржани повеќе од шест часа во полициска станица, командирот информираше дека не располагаат со финансиски средства за да им обезбедат оброк, односно задржаните лица од свои средства си ги купуваат оброците.

## Материјални услови

ПС Велес располага со околу 10 административни канцеларии и со четири соби за задржување лица. Лица со физичка попреченост имаат пристап до полициската станица, но немаат пристап до собите за задржување бидејќи тие се наоѓаат во подрумот на полициската

станица до каде не е овозможен пристап за лица со физичка попреченост.

На влезот од полициската станица беа истакнати постери со правата на лицата лишени од слобода.

Собите за задржување не ги исполнуваа условите предвидени согласно КПТ стандардите во поглед на должина, ширина, висина, влага, дневна и вештачка светлина, а најмногу поради тоа што се наоѓаат во подрумски простории каде висината на влага е голема, а нема ниту дневна светлина. Мониторинг тимот исто така забележа дека во просториите за задржување нема греење, што во зимски услови придонесува задржаните лица да престојуваат во ниски температури. Собите беа опремени со по два кревета. Креветите во собите беа опремени со душек, перница и ќебе кои беа затекнати чисти, а за нивно перење полициската станица соработува со Армијата и Јавната здравствена установа бидејќи станицата не поседува перална. Беше забележано дека во собите има регистрирано функционален видеонадзор, но не е регистриран систем за повикување (ѕвонче) во собите за задржување.

Тоалетот кај собите за задржување беше затекнат со многу ниско ниво на хигиена и со предмети кои може да послужат за (само)повредување. Во тоалетот немаше вода и сапун, а едната кабина не беше воопшто функционална.

Полициската станица не располага со простории за разговор со задржани лица, а за таа цел полициските службеници ги користат своите канцеларии.

Од друга страна, полициската станица располага со една просторија за разговор со деца. Командирот на полициската станица нѐ информираше дека имаат добра соработка со ЦСР во случаи на лишување деца од слобода.

ПС Велес се соочува и со недостиг од службени возила бидејќи располага со едно интервентно возило кое често се сервисира, поради што неопходни се функционални службени возила. Од теренски возила, станицата има потреба од две до три теренски возила.

За времетраење на посетата не беше затекнато ниту едно задржано лице.




*Простории за задржување*







*Тоалет за задржаните лица*

## Препораки:

- Целосна реконструкција на собите за задржување лица во согласност со КПТ стандардите;
- Целосна реконструкција на тоалетот кај собите за задржување;
- Обезбедување функционални службени возила за интервенција и терenски возила;
- Обезбедување средства од буџетот за набавување на оброци на лицата кои се задржани во полициска станица повеќе од шест часа.

# ПС КУМАНОВО

На ден 16.04.2021 година мониторинг тимот спроведе редовна посета на ПС Куманово.

## Општи податоци

Посетата на полициска станица се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со командирката и началникот на полициската станица.

При разговор со командирката и началникот, добивме информација дека вкупниот број на вработени лица во полициската станица е 141 лице. Од вкупниот број на вработени лица, само 21 се жени.

Зградата на полициската станица е изградена во 1929 година и во време на мониторинг посетата беше во тек нејзина реконструкција, односно реконструкција на собите за задржување лица и распит на лица. Реконструкцијата започнала во месец јануари, а се очекува да заврши во месец август 2021 година.

Во период од 15.03.2021 година заклучно со 15.04.2021 година во ПС Куманово било лишено од слобода 31 лице на возраст од 21-61 години. Сите од нив биле задржани во времетраење од 35 минути до 23 часа и 15 минути. Само во еден случај било применето средство за присилба, а ниту едно лице не го искористило правото на бранител, ниту, пак, правото на медицинска помош. Ниту едно лице не поднело поплака поради несовесно, непрофесионално и незаконито постапување на полициските службеници.

Командирката истакна дека полициската станица има добра соработка со бранителите кои се на листата на адвокати по службена должност.

За оние лица кои се задржани повеќе од шест часа во полициска станица, командирката информираше дека располагаат со финансиски средства за да им обезбедат оброк.

## Материјални услови

ПС Куманово моментално располага со само една просторија за разговор во која и се задржуваат лицата. Просторијата е опремена со маси и столчиња, но нема кревети во случај на подолготрајно задржување на лицата лишени од слобода. За времетраење на нивното задржување, лицата се постојано под надзор и физичко присуство од полициски службеници. Лица со физичка попреченост имаат пристап до полициската станица.

На влезот од ПС беа истакнати постери со правата на лицата лишени од слобода.

Собите за задржување кои беа во фаза на реконструкција се вкупно пет со по две легла. Истовремено, се реконструира и една просторија за распит, една за препознавање и една просторија за распит на деца и жртви на семејно насилство.

ПС се соочува и со недостиг од службени возила бидејќи располага со две интервентни возила и едно возило за спровод. До Бирото за јавна безбедност имаат упатено барање за набавка на уште две теренски возила и четири други возила.

Дополнително, ПС нема функционален видеонадзор во просторијата за распит и задржување, ниту, пак, во просториите за задржување и распит кои се реконструираат.

Како значајно, ПС ја истакна превентивната работа која тие ја спроведуваат во рамки на своите овластувањата. Одделот за превенција при ПС Куманово редовно извршува советодавни разговори со жителите на месните заедници, кои се одвиваат со физичко присуство, но во време на пандемија се претежно телефонски. Одделот кој брои четири вработени спроведува и превентивни активности со младите, а особено во училиштата и со навивачките групи.

За времетраење на посетата беше затекнато едно лице лишано од слобода, кое не беше задржано.

**Препораки:**

- Обезбедување функционални службени возила за интервенција и теренски возила;
- Обезбедување функционален видеонадзор во собите за задржување и распит на лица;
- Во период на реконструкција на просториите за задржување, лицата лишени од слобода да не се задржуваат повеќе од три часа во просторијата за распит, ниту, пак, да се дозволува нивно преноќување во таа просторија.

# ПС ТЕТОВО

На ден 23.04.2021 година мониторинг тимот спроведе редовна посета на ПС Тетово.

## Општи податоци

Посетата на полициска станица се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со заменик началникот, командирот, заменик-командирот, помошник-командирот и сменоводителот на ПС Тетово.

При разговорот со вработените добивме информација дека вкупниот број на вработени лица во полициската станица е 109 лица. Од вкупниот број на вработени лица, само седум се жени.

Во период од 22.03.2021 година заклучно со 22.04.2021 година во ПС Тетово биле лишени од слобода 88 лица на возраст од 18-72 години. Од нив 65 лица биле задржани во времетраење од еден час до 18 часа. Во шест случаи било применето средство за присилба, а само четири лица го искористиле правото на бранител. Ниту едно лице не го искористило правото на медицинска помош.

ПС има добра соработка со надлежниот ЦСР – Тетово во случај на дете лишено од слобода, како и со Јавната здравствена установа во случај од потреба за укажување медицинска помош на лице лишено од слобода. Од друга страна, вработените нè информираа дека имаат лоша соработка со ЦСР – Гостивар, а исто така и со Основното јавно обвинителство – Тетово кое многу често им дава насоки лицата лишени од слобода да бидат задржани, а кратко потоа ја менува наредбата, односно наредува лицата да бидат ослободени што резултира со голем број на задржани лица без основ. Вработените во ПС Тетово нè информираа дека задржаните лица ретко бараат бранител, а доколку имаат таква потреба, најчесто контактираат свои приватни адвокати.

За оние лица кои се задржани повеќе од шест часа во полициска станица, станицата располага со финансиски средства за да им обезбеди оброк на задржаните лица.

## Материјални услови

ПС Тетово располага со три простории за задржување и две простории за разговор.

Просториите за задржување лица располагаат со по две легла, маса и столче кои се фиксирани за подот и ги задоволуваат стандардите за големина, ширина и должина, светлина, температура и влага. Дополнително, во просториите беа прикачени постери со правата на задржаните лица. Кај просториите за задржување имаше и тоалет за задржаните лица кој во целост ги исполнува стандардите и имаше задоволително ниво на хигиена. Во просториите за задржување има функционален видеонадзор и систем за повикување.

Полициската станица се соочува со недостиг од службени возила, а имено располага со само едно интервентно возило, но се соочува и со недостиг од административни простории, односно канцеларии.



*Тоалет за задржаните лица*



*Просторија за разговор*



*Просторија за задржување*

**Препораки:**

- Обезбедување функционални службени возила за интервенција;
- Да се обезбеди пристап за лица со физичка попреченост.

# ПС ШТИП

На ден 20.05.2021 година мониторинг тимот спроведе редовна посета на ПС Штип.

## Општи податоци

Посетата се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со командирот и сменоводителот на ПС Штип.

При разговорот со вработените добивме информација дека вкупниот број на вработени лица во полициската станица брои 69 лица. Од вкупниот број на вработени лица, само седум се жени.

Во период од 20.04.2021 година заклучно со 20.05.2021 година во ПС Штип биле лишени од слобода 14 лица на возраст од 15-65 години. Од нив осум лица биле задржани, а против четири биле искористени средства за присилба – лисици. Само едно лице побарало бранител, а ниту едно не побарало медицинска помош. Времетраењето на задржувањето било од 50 минути до 11 часа и 30 минути.

Полициската станица има добра соработка со надлежниот ЦСР во случај на дете лишено од слобода, како и со Јавната здравствена установа во случај на потреба за укажување медицинска помош на лице лишено од слобода.

За оние лица кои се задржани повеќе од шест часа во полициска станица, станицата располага со финансиски средства за да им обезбеди оброк.

## Материјални услови

ПС Штип располага со три простории за задржување и две простории за разговор.

Просториите за задржување лица располагаат со по едно легло на кои недостасуваа перници. Собите ги задоволуваат стандардите за големина, ширина и должина, светлина, температура и влага. Кај просториите за задржување имаше и тоалет за задржаните лица кој ги

исполнува стандардите и имаше задоволително ниво на хигиена. Во просториите за задржување има функционален видеонадзор, но нема систем за повикување.

ПС Штип не поседува просторија за разговор со дете и не обезбедува пристап за лица со физичка попреченост до просториите за задржување. Се соочува со недостиг од службени возила, односно располага само со едно возило за патрола и едно интервентно возило, кое е во полуисправна функција. Покрај недостигот од службени возила, ПС се соочува и со сериозен недостиг на канцелариски материјали (компјутери, тонери, принтери и сл.).

За времетраење на посетата беше затекнато едно задржано лице, кое не побара бранител.






*Простории за задржување*



*Тоалет за задржаните лица*

**Препораки:**

- Обезбедување функционални службени возила за интервенција;
- Обезбедување систем за повикување во просториите за задржување;
- Обезбедување перници за леглата во просториите за задржување.

# ПС КИСЕЛА ВОДА

На ден 27.05.2021 година мониторинг тимот спроведе редовна посета на ПС Кисела Вода.

## Општи податоци

Посетата на полициска станица се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со командирката и сменоводителот на ПС Кисела Вода.

При разговор со вработените, добивме информација дека вкупниот број на вработени лица во полициската станица е 109 лица. Од вкупниот број на вработени лица, 38 се жени, а 10 приправници.

Во период од 26.04.2021 година заклучно со 26.05.2021 година во ПС Кисела Вода биле лишени од слобода вкупно 67 лица на возраст од 17-64 години. Од нив 38 биле задржани со просечно времетраење од четири часа. Во еден случај било применето средство за присилба и тоа лисици за врзување и полуга на рака. Правото на бранител го искористиле 12 лица, а три го искористиле правото на медицинска помош – во еден случај поради претходни повреди, во еден случај поради претходни болести и во еден случај поради ментални нарушувања.

За оние лица кои се задржани повеќе од шест часа во полициска станица, станицата располага со финансиски средства за да им обезбеди оброк.

Командирката на полициската станица го информираше тимот дека честопати имаат проблем со повикување на адвокатите кои се наоѓаат на листата на дежурни адвокати што има штетно влијание врз пристапот до правда на лицата лишени од слобода. Од друга страна, таа истакна дека секогаш кога се работи за лишување од слобода или, пак, разговор со дете, соработката со ЦСР е добра, како и соработката со Итната медицинска помош во случај на потреба од медицинска помош на лицата лишени од слобода.

## Материјални услови

ПС Кисела Вода располага со шест простории за задржување, три простории за спроведување разговор, една просторија за разговор со деца и еда просторија за препознавање.

Просториите за задржување лица располагаат со по две легла, маса и столче кои се фиксирани за подот и ги задоволуваат стандардите во поглед на големина, ширина и должина, влага, светлина и температура. Во просториите има инсталирано функционален видеонадзор, систем за повикување и греење.

Полициската станица се соочува со недостиг од службени возила. Имено, полициската станица располага со шест возила од кои само две се во функција, но не се интервентни. Поради големата фреквенција, полициската станица честопати позајмува возила од други полициски станици.

Лица со физичка попреченост немаат пристап до просториите за разговор и задржување.





*Просторија за разговор со задржани лица*





*Просторија за разговор со деца*



*Просторија за задржување*



*Флаери со права за лицата лишени од слобода*

## Препораки:

- Обезбедување функционални службени возила за интервенција;
- Обезбедување пристап на лицата со физичка попреченост до просторија за разговор и за задржување;
- Воспоставување соработка со АКРСМ со цел надминување на проблемот со адвокатите кои се на листата на дежурни адвокати, но се често недостапни за лицата лишени од слобода.

# ПС СТРУМИЦА

На ден 02.06.2021 година мониторинг тимот спроведе редовна посета на ПС Струмица.

## Општи податоци

Посетата на полициска станица се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со водичот на безбедносен реон во ПС Струмица.

При разговор со водичот, добивме информација дека вкупниот број на вработени лица во полициската станица е 66 лица. Од вкупниот број на вработени лица, само 12 се жени.

Во период од 01.05.2021 година заклучно со 01.06.2021 година во ПС Струмица биле лишени од слобода осум лица на возраст од 21-47 години. Од нив, пет лица биле задржани во времетраење од седум до 21 час. Во четири случаи  било применето средство за присилба и тоа во три случаи лисици за врзување, а во еден случај дополнително полуга на рака. Ниту едно лице не го искористило правото на бранител, ниту, пак, правото на медицинска помош.

За оние лица кои се задржани повеќе од шест часа во полициска станица, командирот информираше дека располагаат со финансиски средства за да им обезбедат оброк.

## Материјални услови

ПС Струмица располага со три простории за задржување, а станицата не поседува посебни простории за разговор со лица.

Просториите за задржување лица располагаат со подве2 легла, маса и столче кои се фиксирани за подот и ги задоволуваат стандардите за големина, ширина и должина. Вештачката светлина во просториите беше доста слаба, а во просториите немаше греење. Дополнително, во просториите беа прикачени постери со правата на задржаните лица, но во една од просториите недостасуваше постер на македонски јазик. Задржаните лица го користат истиот тоалет со вработените во полициската станица.

Полициската станица се соочува и со недостиг од службени возила, односно располага со шест возила од кои само две се целосно исправни, а од интервентни возила има само едно кое не е во исправна состојба.

Полициската станица нема функционален видеонадзор во просториите за разговор и задржување, а системот за повикување во просториите за задржување е функционален.



*Простории за задржување на лица*



*Постери со права на задржаните на лица*

## Препораки:

- Обезбедување функционални службени возила за интервенција;
- Обезбедување функционален видеонадзор во собите за задржување и распит на лица;
- Обезбедување соодветна вештачка светлина во просториите за задржување;
- Обезбедување посебни простории за разговор со лица;
- Да се приспособи посебен тоалет за задржаните лица.

# ПС ОХРИД

На ден 11.06.2021 година мониторинг тимот спроведе редовна посета на ПС Охрид.

## Општи податоци

Посетата на полициска станица се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со командирот и сменоводителот на полициската станица.

При разговорот со вработените добивме информација дека вкупниот број на вработени лица во полициската станица брои 66 лица. Од вкупниот број на вработени лица, само осум се жени.

Во период од 11.05.2021 година до 10.06.2021 година во ПС Охрид се лишени од слобода вкупно 12 лица на возраст од 61 година до 22 години. Од нив, вкупно пет лица се задржани во просечно времетраење од осум часа. Средства за присилба биле употребени кон две лица. Пет лица го искористиле правото на бранител, а четири лица побарале медицинска помош.

Полициската станица истакна дека има многу слаба соработка со надлежниот ЦСР – Охрид. Имено, честопати во случаи на лишување од слобода на дете, социјалните работници иако се повикани, не доаѓаат во полициска станица. Кога станува збор за деца, дополнително, полициските службеници информираа дека имаат потешкотии и во соработката со адвокатите за деца.

Од друга страна, соработката со Итната медицинска помош е добра во случаи кога лицата лишени од слобода сакаат да го остварат своето право на медицинска помош.

За оние лица кои се задржани повеќе од шест часа во полициска станица, станицата не располага со финансиски средства за да им обезбеди оброк на задржаните лица, па така полициските службеници некогаш од свои средства им обезбедуваат оброк.

## Материјални услови

ПС Охрид располага со две простории за задржување, а како простории за разговор се користат административните простории/канцеларии на службените лица.

Просториите за задржување лица располагаат со по едно легло, маса и столче кои се фиксирани за подот. Собите ги задоволуваат стандардите во поглед на големина, ширина и должина, како и влага, но не и за светлина, која беше премногу слаба, без да го задоволува нивото на јачина на која би можело лицето да чита книга. Во текот на зимските месеци просториите не се греат поради што полициските службеници приспособуваат други простории за задржување на лицата лишени од слобода. Кај просториите за задржување немаше тоалет за задржаните лица. Во просториите за задржување има функционален видеонадзор како и систем за повикување.

Службените лица од ПС Охрид нè информираа дека исто така се соочуваат со потешкотии во работењето поради тоа што во ПС Струга нема воопшто простории за задржување, па сите лица оттаму се спроведуваат во ПС Охрид.

Полициската станица не поседува просторија за разговор со дете и не обезбедува пристап за лица со физичка попреченост до просториите за задржување.

Полициската станица се соочува со недостиг од службени возила, односно располага само со две интервентни возила, од кое едно често се сервисира и со 3-4 други возила за патрола.

За времетраење на посетата не беше затекнато задржано лице.




*Простории за задржување и флаер со права на лицата лишени од слобода*

## Препораки:

- Обезбедување функционални службени возила за интервенција;
- Обезбедување соодветно ниво на светлина во просториите за задржување;
- Воспоставување соработка со ЦСР – Охрид, како и со АКРСМ со цел непречен пристап до правда и заштита на правата на децата;
- Да се реши проблемот со греењето во собите за задржување;
- Обезбедување финансиски средства за оброк на лицата кои се задржани подолго од шест часа;
- Обезбедување пристап на лицата со физичка попреченост до просториите за задржување.

## Пристапот до адвокат во полициските станици како средство за превенција од мачење и нехуман третман

Голем број меѓународни и регионални стандарди упатуваат на правото на адвокат како една од клучните процедурални гаранции за заштита на лицата лишени од слобода од мачење и нехуман третман. Адвокатот е гаранција дека лицето е информирано и за другите права кои ги ужива за време на лишувањето од слобода (право да информира трето лице, право на лекар итн.), а воедно ги заштитува лицата од незаконито лишување од слобода, како и затворање на лицата во нехумани услови.

За таа цел, на лицата лишени од слобода е потребно да им се даде можност да контактираат со адвокат што е можно побрзо по самото лишување од слобода. Обезбедувањето ефективен пристап до адвокат го намалува ризикот од арбитрарно постапување на полициските службеници со лицата лишени од слобода.

Според податоците обезбедени од страна на мониторинг тимот во врска со пристапот на лицата до адвокат за време на нивното лишување од слобода, добивме информации дека не сите задржани лица го користат ова право.

Според обезбедените податоци, во вкупно девет полициски станици во период од еден месец пред спроведената посета се задржани 313 лица. Од нив, само 36 лица го искористиле правото на адвокат. Согласно податоците, од вкупниот број на задржани лица, само 13 % од нив го искористиле правото на адвокат.

Проблемот со пристапот до адвокат во пракса е наведен и од страна на полициските службени лица за време на мониторинг посетите. Тие наведоа дека самите задржани лица не се заинтересирани да повикаат адвокат најмногу поради финансиските импликации и трошоците кои сами треба да ги подмират. Дури и кога ќе се одлучат да ангажираат адвокат на свој трошок и ја побараат листата на дежурни адвокати, голем дел од повиканите адвокати одбиваат да се појават во полициската станица. Недоаѓањето на адвокатите начесто укажува на тоа дека дадената правната помош за лицата во оваа фаза е „не толку значајна" или тешко се наплаќа од лицата.

Сепак, недостигаат податоци колку од задржаните лица ноќно време ја искористиле можноста за ангажирање адвокат на товар на државниот буџет кое го дозволува самиот закон и колку е тоа во пракса остварливо.[2] Имајќи предвид што праксата покажува дека кога трошоците за адвокатот се исплаќаат од државниот буџет, тоа е со задоцнување од повеќе од една година и претпоставката е дека поради тоа и адвокатите не се заинтересирани да се вклучат во оваа фаза на кривичната постапка.

Генералното мислење е дека задржаните лица повеќе имаат потреба од адвокат во судската постапка, но неспорно е дека правото на адвокат има голема улога од аспект на превенција од тортура и претставува основна гаранција за спречување на лошото постапување со задржаното лице и од тој аспект мора да се направат системски промени за да може ефективно да се остварува во пракса.

Дека постојат проблеми при користење на правото на адвокат укажува и КПТ во својот последен извештај, каде е наведено дека голем број на лица лишени од слобода изјавиле дека немале можност да се консултираат со адвокат дури до судското рочиште. Од друга страна, при увидот во регистрите во голем број на полициски станици нотирано е дека голем број на лица изјавиле дека немаат потреба од адвокат.[3]

Во однос на одбраната за сиромашни и националното законодавство кога станува збор за ангажирање адвокат за задржани лица на товар на државниот буџет тоа го дозволува само доколку задржувањето е ноќе. Законот предвидува и можност за назначување на адвокат на државниот буџет ако според имотната состојба обвинетиот не може да ги поднесе трошоците на одбраната, а тоа го бараат интересите на правдата, а особено тежината на кривичното дело и сложеноста на случајот.[4] Притоа, недостигаат јасни одредби дали ова се однесува и на задржаните лица, како и јасни одредби за утврдување и докажување на финансиската состојба на лицето.

---

[2] Закон за кривичната постапка, Службен весник на РСМ, бр. 150/2010, 198/2018 (член 161)
[3] Извештај на КПТ од петтата посета во РСМ спроведена од 02 до 10 декември 2019 https://rm.coe.int/1680a26b8f
[4] Закон за кривичната постапка, Службен весник на РСМ, бр. 150/2010, 198/2018 (член 75)

И меѓународното право упатува на тоа дека кога задржаното лице нема доволно финансиски средства за да плати адвокат, тоа треба да го добие бесплатно од страна на државата. Оттука, државата мора да направи напори за воспоставување функционален систем на бесплатна правна помош во кој активно ќе соработуваат Адвокатската комора, Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи. Системот на бесплатна правна помош треба да обезбеди пристап за лицата лишени од слобода, особено на најмаргинализираните групи до квалитетна и навремена правна помош која воедно ќе претставува и средство за превенција од мачење и нехуман третман.

# ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПОСЕТЕНИТЕ ПОЛИЦИСКИ СТАНИЦИ

| | КАДАР | | ПРАВА | ОПШТИ УСЛОВИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | систематизација | жени | истакнати постери со правата на лицата лишени од слобода | лишени од слобода еден месец пред посетата | задржани | времетраење на задржувањето | средства за оброк на задржани лица | лица спрема кои биле применети средства за присилба | побарале бранител | соработка со бранителите | соработка со ЦСР | право на медицинска помош | пријава за незаконито однесување на |
| ПС Центар | 50% | 20 | ДА | 31 | 13 | 105 мин. - 21 ч. | ДА | 2 | 9 | лоша | / | / | / |
| ПС Битола | 79 од 130 | 10 | ДА | 21 | 4 | 5 - 9 ч. | НЕ | 4 | / | лоша | лоша | 2 | / |
| ПС Велес | 85 | 11 | ДА | 41 | 18 | 8 - 14 ч. | НЕ | 1 | 5 | добра | добра | 1 | / |
| ПС Куманово | 141 | 21 | ДА | 31 | 31 | 35 мин.- 23ч. и 15 мин. | ДА | 1 | / | добра | / | / | / |
| ПС Тетово | 109 | 7 | ДА | 88 | 65 | 1 - 18 ч. | / | 6 | 4 | / | добра | / | / |
| ПС Штип | 69 | 7 | ДА | 14 | 8 | 50 мин.- 11 ч. и 30 мин. | ДА | 4 | 1 | / | добра | / | / |
| ПС Кисела Вода | 109 | 38 | ДА | 67 | 38 | 4 ч. | ДА | 1 | 12 | лоша | добра | 3 | / |
| ПС Струмица | 66 | 12 | НЕ | 8 | 5 | 7 - 21 ч. | ДА | 4 | / | / | / | / | / |
| ПС Охрид | 66 | 8 | ДА | 12 | 5 | 8 ч | НЕ | 2 | 5 | / | лоша | 4 | / |

*„/“ – никој не побарал или нема податок*

| | МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | административни канцеларии | просторија за разговор | хигиена во собата за разговор | просторија за задржување | услови според КПТ | греење | хигиена во собата за задржување | тоалет | хигиена во тоалетот | систем за повикување (ѕвонче) | просторија за разговор со деца | пристап за лица со физичка попреченост | Аудио-видео систем | аудио-видео систем | возила |
| **ПС Центар** | 2 | 1 | ЧИСТА | 1 | ДА | ДА | ДОБРА | 1 | ДОБРА | ДА | НЕМА | НЕ | ДА | ФУНКЦИОНАЛЕН | 2 |
| **ПС Битола** | 12 | / | / | 3 | ДА | НЕ | НЕЧИСТА ПОСТЕЛНИНА | 1 (на 3 соби) | ЛОША БЕЗ ВРАТА | ДА | 1 | ДА | НЕМА | | 3 |
| **ПС Велес** | 10 | НЕ МА | / | 4 | НЕ | НЕ | ЛОША | 1 | ЛОША | НЕ | 1 | НЕ | НЕМА | | 1 |
| **ПС Куманово** | 1 | 1 | СОЛИДНА | 5 | во тек е реконструкција | | | | | | 1 | ДА | во тек е реконструкција | | 3 |
| **ПС Тетово** | / | 2 | СОЛИДНА | 3 | ДА | ДА | СОЛИДНА | 1 | ДОБРА | ДА | / | / | ДА | ФУНКЦИОНАЛЕН | 1 |
| **ПС Штип** | / | 2 | / | 3 | ДА | ДА | СОЛИДНА | 1 | ДОБРА | НЕ | 1 | НЕ | ДА | ФУНКЦИОНАЛЕН | 2 |
| **ПС Кисела Вода** | / | 3 | СОЛИДНА | 6 | ДА | ДА | СОЛИДНА | 1 | ДОБРА | ДА | 1 | НЕ | ДА | ФУНКЦИОНАЛЕН | 6 |
| **ПС Струмица** | / | / | / | 3 | ДА (освен светлина) | НЕ | СОЛИДНА | 1 (и за вработени и за задржани) | / | ДА | НЕМА | ДА | НЕМА | | 6 |
| **ПС Охрид** | / | / | / | 2 | ДА (освен светлина) | НЕ | СОЛИДНА | НЕМА | / | ДА | НЕМА | НЕ | ДА | ФУНКЦИОНАЛЕН | 2 |

*„/" – нема податок*

ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ
ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МАРТ ДО ЈУНИ 2021 ГОДИНА